УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Ангажирање на лица за следење на практиките за управување со текстилен отпад што ги спроведуваат локалните самоуправи и националните институции, во рамки на проектот „Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики“

Реф. Бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK

1. **За АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности**

Здружението на граѓани „АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Македонија основана во 2001 година, со седиште во Скопје. Визијата на оваа организација е успешен демократски напредок на луѓето и заедниците. Целта на АГОРА е развој на демократското општество преку унапредување на локалните заедници и граѓанскиот сектор, преземајќи активности за зајакнување на родовата еднаквост, доброто управување и економскиот развој во Македонија и пошироко. Мисијата на здружението е јакнење на сите општествени чинители и промовирање процеси кои ќе доведат до развој на демократското општество. Здружението активно работи на:

- Промовирање на родовата еднаквост преку анализи, обуки, менторство, техничка поддршка, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување,
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во општините и институции и организации на други нивоа на власт,
- Поддршка на локалниот економски развој и младинското претприемништво преку соработка со деловниот сектор и обуки, вмрежувања и техничка помош.

Активностите на АГОРА ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис секторот, активни млади лица и медиумите.

2. **За проектот „Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики“**

Транзицијата кон циркуларна економија е клучна не само за економскиот раст, туку и за исполнување на целта на ЕУ за климатска неутралност до 2050 година. Таа

придонесува кон ублажување на климатските промени и зачувување на здрави екосистеми.

Текстилната индустрија во Северна Македонија е водечка економска гранка со сериозно влијание врз животната средина, со годишно создавање на околу 7.000 тони отпад. Истовремено, таа нуди потенцијал за циркуларна економија преку повторна употреба и рециклажа. Новиот Закон за управување со посебни текови на отпад предвидува систем за собирање и повторно користење на текстилниот отпад, со обврски за производителите, продавачите и општините.

Сепак, и покрај законската рамка, имплементацијата е слаба. Недостигаат информираност, институционална подготвеност и подзаконски акти.

Проектот се базира на консултации со граѓански организации, локални власти и бизниси и ги вклучува сите засегнати страни во процесот.

Со спроведувањето на овој проект ќе се обезбеди унапредување на политиките за животна средина, јакнење на граѓанското учество и промоција на одржливи практики во производството и потрошувачката.

Главна цел на проектот е да се поттикне преминот кон зелена и одржлива економија во Република Северна Македонија, усогласена со Европскиот зелен договор, преку заеднички напори на сите засегнати страни.

Целни групи на проектот се граѓанските организации, деловната заедница, единиците на локалната самоуправа и другите релевантни институции и граѓаните.

Специфични цели:

- Да се промовира меѓусекторски дијалог и соработка за циркуларна економија и управување со отпад,
- Да се зајакне граѓанското општество за застапување за политики,
- Да се подобри учеството на засегнатите страни во креирањето и спроведувањето на еколошки политики.

Очекувани резултати:

- Зајакнато учество на засегнатите страни во обликувањето и спроведувањето на еколошките политики и практиките на циркуларната економија.
- Зголемено влијание на граѓанското општество во промоцијата и заштитата на човековите права и процесот на пристапување кон ЕУ.
- Подобрен квалитет на живот, поттикнат зелен раст и поефикасно користење на ресурсите преку одржливи модели на производство и потрошувачка.
- Намален отпад, намалено загадување и зголемена отпорност на градовите на климатските промени.

Клучни активности:

- Истражување и публикации,
- Градење на капацитетите на релевантните засегнати страни и поттикнување размена на знаења и добри практики за намалување на еколошкото загадување.

- Следење на спроведувањето на законската регулатива и практиките за управување со отпад.
- Спроведување на сеопфатна информативна кампања за подигнување на јавната свест.
- Застапување засновано на докази.
- Национална конференција за презентација на резултатите од застапувањето.

3. Општи информации за ангажманот

Во рамките на процесот на зелена транзиција и усогласувањето со законодавството на Европската Унија, управувањето со отпадот, а особено со дополнителните текови на отпад како што е текстилниот отпад, претставува значаен предизвик кој бара координиран, инклузивен и практично применлив пристап. Општините имаат клучна улога во спроведувањето на законските обврски и организирањето на системите за управување со отпад, додека граѓанските организации придонесуваат преку информирање, едукација, застапување и следење на имплементацијата на политиките, како и преку поттикнување на активно учество на јавноста. Во тој контекст, зајакнувањето на граѓанските организации на локално ниво за следење на спроведувањето на законодавството и практиките за управување со отпад, со посебен фокус на текстилниот отпад, е од клучно значење за обезбедување ефективен надзор и отчетност.

Целта на ангажманот е ангажирање на 9 лица (претставници на граѓански организации) за следење на практиките за управување со текстилен отпад што ги спроведуваат локалните самоуправи и националните институции. 8 одбрани кандидати ќе треба 6 месеци да го следат спроведувањето на практиките за управување со текстилен отпад од страна на сите општини во еден плански регион. 1 лице ќе биде одбрано да го следи спроведувањето на практиките за управување со текстилен отпад на национално ниво (министерство, инспекторат и сл.).

Следењето ќе се базира на претходно подготвен прашалник, користење на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, анализи на постојните еколошки практики на институциите и, доколку е потребно, состаноци со релевантни претставници на институциите. Ќе бидат изготвени и дистрибуирани извештаи од мониторингот, кои ќе содржат наоди и препораки од процесот на следење.

За граѓанските организации и за избраните лица ќе се организира еднодневна онлајн обука при што ќе добијат поддршка за спроведување сеопфатни проценки

на јавните политики, акциските планови, законодавниот напредок и тековните практики поврзани со управувањето со (текстилен) отпад. Преку обезбедување алатки и ресурси потребни за независни анализи, им овозможуваме да дадат вредни согледувања за ефективноста на иницијативите за (текстилен) отпад и да идентификуваат потенцијални области за подобрување. Податоците собрани преку овие проценки ќе бидат од суштинско значење за застапување засновано на докази, придонесувајќи кон унапредување на политиките и практиките за поефикасно справување со прашањата поврзани со текстилниот отпад. Мониторингот ќе трае 6 месеци и ќе ги опфати општините и националните институции.

Избраните лица ќе бидат одговорни за:

- учество на еднодневната онлајн обука;
- активно следење на практиките за управување со текстилен отпад во општините од планскиот регион за кои ќе бидат избрани преку спроведување детални евалуации на локалните програми за управување со отпад, со фокус на клучни области како што се усогласеноста со регулативите, ефективноста на стратегиите за пренасочување на отпадот и начинот на постапување со текстилниот отпад;
- изготвување и поднесување извештај со наоди и препораки од следењето.

4. Очекувани резултати

- Реализирано 6 месечно следење на спроведувањето на практиките за управување со текстилен отпад што ги спроведуваат локалните самоуправи во 8 различни плански региони и на национално ниво.
- Изготвен извештај со наоди и препораки од следењето.

5. Временска рамка

Ангажманот опфаќа 6 месеци и треба да се реализира во периодот јуни – ноември 2026 година.

6. Услови за ангажирање на лицата за следење на практиките за управуање со отпад

За спроведување на анализата потребни се лица (претставници од граѓански организации) кои ги исполнуваат следниве општи услови:

- најмалку 3 години релевантно професионално искуство во заштита на животната средина со фокус на управување со отпад, циркуларна економија или еколошки политики;
- искуство во подготовка и спроведување на анализи и истражувања за институции и/или граѓански организации;
- добро познавање на националната и ЕУ законска рамка поврзана со управување со отпад.

За секое ангажирано лице **планиран е вкупен надоместок од 600 евра (бруто)** во денарска противвредност по курсот на проектот кој ќе се исплаќа на лицето.

7. Начин на пријавување

Сите заинтересирани граѓански организации може да се пријават при што неопходно е да ги исполнуваат сите услови наведени во точка 6.

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани граѓански организации во Република Северна Македонија. Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk или во затворен коверт во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул.Ристо Шишков бр. 12-1/4, 1000 Скопје).

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За повик Реф. Бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK“ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Пријавата треба да се достави до 02.06.2026 година (вторник), до 00:00 часот.